Еден е од авторите на концепцијата на манифестацијата “Тиквешки гроздобер“, можеби единствениот вистински и препознатлив туристички бренд на Кавадарци, како што всушност е единствен и Александар Малинков на театарската сцена во градот, актер чие професионално делување може да се наведе и како една од најважните причини воопшто за опстојување на Театар во Кавадарци. Претенциозно? По малку арогантно? Не. Само автентично видување за човекот кој ги донесе (актерски и режисерски) „Сердарот“ (2004) како една од најдобрите театарски претстави поставени и одиграни во Кавадарци со децении наназад, но и двете верзии на најиграната претстава на кавадаречкиот Театар “Седумка, љубов или смрт“ (1996 и 2006).

Уште еден сегмент од актерското делување на Ацо на кавадаречката и македонската сцена се неговите улоги во повеќе ТВ драми, филмови и неколку ТВ серии. Ова е значајно особено од аспект на професионално поимање на зададената задача, што всушност е карактеристика на Ацо, воопшто, во неговиот уметнички ангажман. И не само на театарската сцена. Неговиот професионален печат е ставен во организацијата на бројни ликовни, литературни, музички и други уметнички и културни настани. Критичко отварање на ликовни изложби, рецензентски промоции на книги, учество и режија на уметнички перформанси, автентично водење на фестивали, концерти и трибини. Неговиот белег содржински и суштински е оставен во најважните и најголемите културни и уметнички настани во Кавадарци последните 25 години.

Честа со збор да се остави нешто за дваесет и петте години професионално (не само) театарско делување на Александар Малинков е мој досегашен личен врв во соработката со Ацо. И институционално и во оф проекти кои ги донесоа годините соработка и пријателство. Кога би навлегол во набројување, би навлегол и во патетики, но и во еуфории... Затоа само едно – од моето професионално делување во Домот на културата, горд сум што низ сите искушенија што ги носат времето и луѓето, со Ацо соработувам на сите проекти од сите културни дејности, со верба и надеж, во проектите кои започнуваат веќе утре.

Марјан Тодоровски, блузер, соработник и пријател











Покровители:
Градоначалник и Совет на општина Кавадарци
Министерство за култура на Република Македонија

Театар при Дом на култура
“Иван Мазов-Климе“ Кавадарци

Горан Стефановски

# ДУПЛО ДНО

Режија: Александар Малинков

## АЛЕКСАНДАР МАЛИНКОВ

25 години
професионална театарска дејност

март 2012

Горан Стефановски

# "Дупло дно"

режија
Александар Малинков

игpaaт:

| | |
|---|---|
| Јаков | Диме Коцевски |
| Божо | Александар Малинков |
| Параскева | Милица Гочевска |
| Кристина | Благица Ѓоргиева |
| Нове | Дејан Атанасов |

уметнички соработници:
Ристо Соколов Сокол, Марјан Тодоровски,
Билјана Соколова, Билјана Грозданова Ивановска,
Фото студио "Експрес"

технички соработници:
Снежана Карова, Душица Настова, Митко Ристов,
Трајче Мајсторов, Никола Тасев, Диме Наумчев







**"**ЈАКОВ: Во секој ваш збор, во секое ваше движење, како во кристална топка, се гледа сето ваше минато, сегашност и иднина. Мене не ме качи ни едно правило на служба, никаков заземен став, пропис, анекс параграф, договор, клаузула. Овде сум, да го најавам дуплото дно! Јајцето е премало за пилето. Клунот веќе чука по лушпата.
БОЖО: Какво дупло дно?
ЈАКОВ: Не знаете? Срамота. Возрасни луѓе. Како тоа да ви го објаснам вам кои признавате само одговори со да или не, боите ги делите само на црна и бела, а луѓето само на пријатели и непријатели. Се колнам во верата, совеста и честа, дека ќе работам на ослободувањето на духот со сите свои сили и средства и дека никогаш нема да ги предадам тајните на револуционерното дело, а во случај тоа да го сторам, да бидам убиен со овој револвер или со оваа кама што ги бацувам. **Секое дно е дупло дно**."





Не е лесно да изнесеш свое размислување за една професионална кариера, за еден уметнички живот, во простор кој вообичаено е доволен за еден подолг новинарски прилог, репортажа или осврт на настан. Не е лесно, ама е големо задоволство и чест.

Александар Малинков – актер, пријател, соработник, човек, годинава одбележува 25 години професионална театарска дејност. Овој јубилеј го врзуваме со првата одиграна улога како дипломиран актер – во претставата "Оскар", во режија на Блажо Славев и неговата прва режија на претставата "Лага и паралага". Секако овде мора да се каже дека актерството на Ацо започнува пред тоа. Аматерски, средношколски, студентски, како сакате наречете го, важно е тоа што една богата актерска кариера започна да се создава со првото стапнување на извиканите штици кои живот значат, на сцената на Театарот при Домот на културата "Иван Мазов – Климе" во Кавадарци.

Кога само би набројувале, би рекле: Ками Шан де Биз (Болва во уво), Стојан (Коштана), Хемон (Антигона) Методо Голавода (Хамлет од Долна Бошава), Тито (Седумка, љубов или смрт) меѓу одиграните над 50 улоги.





Главни или споредни, улогите се нижат заедно со годините. А годините со себе носат и режии на театарски претстави на матична сцена. "Дупло дно" по текст на Горан Стефановски е само последната режија, која случајно или намерно се совпаѓа со јубилејот. Следната негова режија е веќе утре, со првиот мотив да каже нешто, да насмее, да замисли, да посочи, да одбележи, ако сакате и да предвиди одредена општествена појава. Навраќањето на периодот на колективите со режијата на праизведбата на драмскиот текст "Клетва", првото предвестие (април 1991) во неговата претстава "Цар Тројан" и распадот на Југославија, приказната за лакомоста и подготвеноста на нашиот човек да оди во крајности со "Седумка, љубов или смрт", како и "Расфрчени куршуми" (2000) своидно предвестие на македонската 2001-ва. Меѓу над 25 режии на целовечерни и детски претстави (автор на текст на три детски) вреди да се напомене и режијата на првиот мјузикл во Кавадарци "Брилијантин".